ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕН МОНИТОРИНГ НА ПРИМЕНАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

- **Систем на интегритет за државните органи и институции од јавен сектор**
- **Систем на интегритет во единиците на локална самоуправа**
- **Систем на интегритет во правосудство**



Декември 2023 година

**СОДРЖИНА**

**I. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, САМОСТОЈНИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ** ........................................ 5

**II. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**........................................................................................................................ 16

**III. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ** ........................................................................................................................ 24

## ВОВЕД

Во согласност со член 17 алинеја 18 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (“Службен весник на Република Македонија” бр.12/19) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: “Државната комисија” или “ДКСК”) има надлежност да презема активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет.

Со цел воспоставување на рамка за примена на системот за интегритет на централно и локално ниво, ДКСК во текот на 2021 и 2022 година, го започна воведувањето на системот на интегритет преку повеќе активности:

- Изработка на Насоки за примена на политиката на интегритет
- Изработка на Прирачник за лицата за интегритет
- Изработка на интерни документи заради поддршка на институциите вклучени во процесот
- Одржување на континуирани обуки на лицата за интегритет
- Повик за институциите од јавниот сектор и единиците од локалната самоуправа а го започнат процесот на воведување на системот на интегритет преку потпишување на Политика на интегритет и назначување на лице за интегритет.

Првиот циклус на следење на примената на системот на интегритет во јавниот сектор Државната комисија го спроведе во периодот од 01.12.2022 година до 31.12.2022 година, така што го објави прашалникот за примена на системот на интегритет до назначените лица за интегритет во институциите кои потпишале политика на интегритет.

Продолжувајќи го континуирано процесот за имплементација и следење на системот на интегритет, на крајот на 2023 година, се изработи овој Извештај, кој претставува показател на начинот на којшто во 2023 година се одвиваше процесот на имплементација на системот на интегритет во државните органи и институции од јавниот сектор. Извештајов е изготвен во вид на кратко резиме, кое содржи информации согласно направената анализа на одговорите добиени преку одговарање на Прашалникот за мониторинг на системот на интегритет од страна на институциите во периодот од 01.11.2023 – 30.11.2023 година.

Овој Извештај, втор по ред, има за цел да ги сумира релевантните податоци од посебните извештаи за мониторинг на имплементацијата на системот на интегритет на три нивоа на институции:

- институции од централна власт
- единиците на локалната самоуправа
- институциите од правосудството

Со цел овој процес да има поголема успешност, Државната комисија, разбирајќи ја важноста од потребата од едукација на лицата за интегритет, и во текот на 2023 година организираше и спроведе обуки и работилници за лицата за интегритет на државните органи и институции од јавниот сектор-потписници на политиката за интегритет.

Обуките и работилниците во текот на 2023 година беа реализирани во рамките на проектот „Активности за антикорупција и интегритет" спроведен од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), а финансиски поддржан од УСАИД. Активностите за градењето на капацитетите на институциите за воведување на системот за интегритет беа спроведени со сеопфатна поддршка на Секторот за стратешко планирање и интегритет во Државната комисија. Во текот на обуките, лицата за интегритет добија насоки за имплементирање на елементите на системот за интегритет, беа посочени на документите развиени од страна на Државната комисија во форма на упатства за изготвување на низа интерни акти кои се неопходни за воспоставување на системот за интегритет и низ отворени дискусии со нив им беа давани насоки и совети за имплементирање на елементите на системот за интегритет во нивните институции.

Дополнително, со лицата за интегритет од институциите кои во 2022 година потпишаа политика на интегритет, беа сумирани нивните досегашни напори за воведување на системот за интегритет и низ дискусија се разменија нивните искуства и знаења, се мапираа предизвиците во процесот на имплементирање на елементите на системот за интегритет.

По спроведување на процесот на едукација на лицата за интегритет, од страна на клучниот експерт се изработи Извештај за градење на капацитетите на државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија за воведување на системот за интегритет – првични согледувања, предизвици и препораки, во кој се сумираат клучните наоди за начинот на којшто во 2023 година се одвиваше процесот на градење на капацитетите на државните органи и институции од јавниот сектор во спроведување на системот за интегритет, се нотираат клучните предизвици во процесот и се укажува на одредени препораки.

Во последниот квартал од 2023 година, односно во периодот од 01.11.2023 – 30.11.2023 Државната комисија го започна процесот на следење на примената на системот на интегритет во јавниот сектор, преку објавување на Прашалникот за примена на системот на интегритет, преку Комуникацискиот портал на Државната комисија https://portal.dksk.mk/ до назначените лица за интегритет кои се регистрирани на истиот. Следењето на примената на системот на интегритет во јавниот сектор, Државната комисија го врши во согласност со Методологија за мониторинг на примената на системот за интегритет.

До денот на повикот за одговарање на прашалникот за мониторинг на системот на интегритет, следните институции ја потпишаа политиката за интегритет и назначија лица за интегритет:

- **Систем на интегритет за државните органи и институции од јавен сектор**

Вкупно 71 институција од централната власт со потпишана политика за интегритет, пристапила на комуникацискиот портал на Државната комисија заради одговарање на прашалникот за мониторинг на системот на интегритет. Вкупна исполнетост на обврската - 48 институции пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак 23 институции делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

- **Систем на интегритет во единиците на локална самоуправа**

Вкупно 69 општини пристапиле кон порталот на Државната комисија за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, одговориле 40 единици на локалната самоуправа, додека пак од вкупно 29 единици на локална самоуправа делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

- **Систем на интегритет во правосудство**

Вкупно 16 судови со потпишана Политика на интегритет пристапиле кон порталот на Државната комисија за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, од кои вкупно 16 институции со потпишана политика на интегритет, 7 пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак од вкупно 9 судови делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

По извршена евалуација на степенот на примена на системот на интегритет во јавниот сектор за 2023 година, врз основа на стекнатото искуство и знаење од имплементацијата и мониторирањето на системот на интегритет, Државната комисија во 2024 година ќе пристапи кон ревидирање и подобрување на Методологијата за мониторинг на примената на системот за интегритет како и на самите прашалници за примена на системот на интегритет за институциите од централната власт, единиците на локалната самоуправа и институциите од правосудната власт, заради специфичноста на нивната работа.

# I. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, САМОСТОЈНИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

## 1. НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЦЕЛИНА

Интегритетот е клучен во градењето на силни институции и во создавањето на довербата кај граѓаните. Во текот на анализирање на одговорите од поднесените прашалници за мониторинг на системот на интегритет на институциите од централната власт, можеме да утврдиме дека имплементацијата на системот на интегритет во неговата втора година на имплементација е во напредок и е препознаен како клучна алатка за борбата против корупцијата на институциите.
Преку примена на систем за интегритет државните институции ги регулираат заштита на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси, етичкото постапување, управувањето со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации, потоа наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси, транспарентноста и пристапот до информации од јавен карактер, управувањето со квалитетот како и овозможувањето на заштитено пријавување од укажувачи.

### 1.1. Опис на важноста на примената на системот за интегритет:

Нивото на примена на системот на интегритет од страна на мониторираните институции се пресметува низ релативен показател - процент на исполнетост на сите предвидени обврски наложени со системот за интегритет на ниво на целина (централна власт). Овој

параметар е клучен за мерење на примена на системот за интегритет во земјата и во првата година од примената на мониторингот дава приказ на актуелната состојба, а во подоцнежните години ќе овозможи мерење на напредокот.
Се утврдува дека постои интерес на институциите од централната власт за соработка во делот на исполнување на обврските кои ги налага процесот за имплементација на системот на интегритет, што пак остава простор ДКСК во наредниот период да превземе повеќе активности за да го забрза овој процес, посебно од аспект на дополнителни средби и обуки, како и прилагодување на прашалникот за мониторирање на системот на интегритет на потребите и начинот на постапување на институциите од јавниот сектор.

## 1.2. Пресметка на нивото на примената:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет е валоризирано преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - ’многу добро‘** |
| 60 - 80 % исполнетост -’добро‘ |
| 40 - 60 % исполнетост - ’просечно‘ |
| 20 - 40 % исполнетост - ’слабо ‘ |
| 0 - 20 % исполнетост -  ’многу слабо‘ |

Имено, од вкупно 71 институција со потпишана политика на интегритет, вкупно 68% ја исполнија обврската да пополнат прашалник за примена на системот на интегритет. Односно, од вкупно 71 институции со потпишана политика на интегритет, 48 пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак од вкупно 23 институции делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

Оваа година, имаме зголемување на бројот на органите на државната управа, самостојните државни органи и другите државни органи инволвирани во процесот, од 18 на 71 институција, но и зголемување на процентот на реализација, што претставува успех.

Графички приказ за институции вклучени во процесот, кој успешно ја извршиле обврската за одговарање на прашалникот и комуникација со ДКСК:




## 2. НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА НИВО НА ИНСТИТУЦИЈА

Сите институции треба да ги применат обврските кои произлегуваат од системот за интегритет во целост. Оправдано е да се очекува дека институциите ќе имаат различен пристап во овој процес и оттука значајно е да се истакнат оние кои направиле најмногу во градењето на интегритетот, но и да се посочат институциите кои не вложуваат соодветен напор. Со цел да се дојде до сознание кои институции направиле најмногу во насока на примена на системот за интегритет, а кои најмалку, потребно е да се направи мерење на нивото на примената на системот на ниво на институција и соодветно на остварените резултати да се направи нивно рангирање.

### 2.1. Ниво на примена на системот за интегритет од страна на сите мониторирани институции

Во 2023 година, заклучно со повикот на Државната комисија за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, политика на интегритет потпишаа 71 институција и истите назначија лица за интегритет, посетија соодветни обуки и беа предмет на овој мониторинг и тоа:

- Министерство за одбрана
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за правда
- Министерство за надворешни работи
- Министерство за финансии
- Министерство за здравство
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за економија
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за образование и наука
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за култура
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
- Влада - Генерален секретаријат
- Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
- Министерство за информатичко општество и администрација
- Инспекциски совет
- Државен Завод за ревизија
- ДКСК
- ДИК
- Агенција за планирање на просторот
- Агенција за вработување
- Државен инспекторат за шумарство и ловство
- Институт за стандардизација
- Државен завод за статистика
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Агенција за млади и спорт
- Совет за унапредување и развој на ревизијата
- Ревизорско тело за ревизија на ИПА
- Геолошки завод на РСМ
- Државен инспекторат за животна средина
- Агенција за задолжителни нафтени резерви
- Дирекција за заштита и спасување
- Академија за судии и јавни обвинители
- Секретаријат за законодавство
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Агенција за катастар на недвижности
- Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
- Државно правобранителство
- Државен комунален инспекторат
- Управа за финансиско разузнавање
- Агенција за пошти
- Агенција за цивилно воздухопловство
- Агенција за администрација
- Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
- Државен инспекторат за труд
- Државен инспекторат за локална самоуправа
- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
- Комисија за заштита на конкуренцијата

- Државен инспекторат за земјоделство
- Државен просветен инспекторат
- Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ
- Фонд за осигурување на депозити
- Државен санитарен и здравствен инспекторат
- Државен управен инспекторат
- Инспекторат за употреба на јазиците
- Управа за хидрометереолошки работи
- Комисија за заштита и спречување од дискриминација
- Државен пазарен инспекторат
- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ
- Царинска управа
- ЈП МРТ
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
- Агенција за аудио и аудио визуелни медиумски услуги
- Центар за управување со кризи
- Управа за јавни приходи
- ЈП за железничка инфраструктура ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РСМ - Скопје
- Управа за финансиска полиција
- Агенција за супервизија на осигурување.

Од наведените институции, вкупно 48 целосно го одговорија прашалникот за примена на политиката на интегритет, а 25 не го одговорија истиот.

### 2.1.1 Опис на важноста на обврската:

За секоја институција се пресметува колку бодови освоила и тој резултат се става во соодност со максималниот број на можни бодови (130) за да се дојде до процентот на исполнетост на обврските, соодветно на горната табела на исполнетост и петте нивоа на категоризација.

### 2.1.2. Пресметка на нивото на примена:

Ранг листа на институции според процент на исполнување на обврските:

| Институција | Освоени поени |
|---|---|
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС | 105.5 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 104 |
| Министерство за внатрешни работи | 103.5 |
| Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство | 102.5 |

| | |
|---|---|
| Министерство за труд и социјална политика | 102 |
| Царинска управа на Република Северна Македонија | 100.5 |
| Управа за јавни приходи-Генерална дирекција-Скопје | 98.5 |
| Министерство за одбрана | 94.5 |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 89.5 |
| Јавно радиодифузно претпријатие Национална Радиотелевизија-Скопје | 89.5 |
| Секретаријат за законодавство | 88 |
| Државен управен инспекторат | 85.5 |
| Министерство за финансии | 83 |
| Државна изборна комисија | 80 |
| Агенција за цивилно воздухопловство | 79.5 |
| Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | 79.5 |
| Управа за финансиска полиција | 78.5 |
| Државен завод за статистика | 78.5 |
| Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | 77 |
| Агенција за супервизија на осигурување | 76.92 |
| Државен инспекторат за труд | 76 |
| Академија за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ | 76 |
| Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија | 75 |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 75 |
| Министерство за култура | 72 |
| Државен комунален инспекторат | 69 |
| Министерство за правда | 66 |

| | |
|---|---|
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 65.5 |
| Агенција за пошти | 65.5 |
| Агенција за катастар на недвижности | 65 |
| Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер | 61.5 |
| Институт за стандардизација на Република Северна Македонија | 60.5 |
| Министерство за образование и наука | 60.5 |
| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | 55 |
| Министерство за здравство | 55 |
| Државен инспекторат за земјоделство | 52.5 |
| Државен просветен инспекторат | 52.2 |
| Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | 51 |
| Влада на Република Северна Македонија | 50 |
| Геолошки завод на Република Северна Македонија | 45.5 |
| Јавно претпријатие железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје | 44.5 |
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | 39 |
| Управа за финансиско разузнавање | 34.5 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија | 32.5 |
| Инспекторат за употреба на јазиците | 30.5 |
| Државен инспекторат за локална самоуправа | 25 |

| | |
|---|---|
| Агенција за планирање на просторот | 20 |
| Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија | 18.5 |
| Министерство за економија | 0 |
| Комисија за заштита на конкуренцијата | 0 |
| Дирекција за заштита и спасување | 0 |
| Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | 0 |
| Агенција за заштита на лични податоци | 0 |
| Агенција за промоција и поддршка на туризмот | 0 |
| Инспекциски совет | 0 |
| Државно правобранителство на Република Северна Македонија | 0 |
| Министерство за транспорт и врски | 0 |
| Агенција за вработување на Република Северна Македонија | 0 |
| Министерство за локална самоуправа | 0 |
| Агенција за млади и спорт | 0 |
| Центар за управување со кризи | 0 |
| Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка | 0 |
| Државен завод за ревизија | 0 |
| Министерство за надворешни работи | 0 |
| Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија | 0 |
| Агенција за администрација | 0 |
| Државен пазарен инспекторат | 0 |
| Фонд за осигурување на депозити | 0 |

| | |
|---|---|
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 0 |
| Управа за хидрометеоролошки работи | 0 |
| Агенција за задолжителни нафтени резерви | 0 |

Графички приказ на ранг листата на институции според процент на исполнување на обврските:




Процент на институции во категоризација согласно степенот на исполнетост на обврските:

| Категорија | Процент на институции |
|---|---|
| Многу добро | 2.2 |
| добро | 37.8 |
| просечно | 35.6 |
| слабо | 17.8 |
| многу слабо | 6.7 |

## 3.НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО ТРИТЕ СЕГМЕНТИ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Системот на интегритет почива на три значајни сегменти опфатени преку 60 прашања во прашалникот за примена на системот на интегритет на централно ниво, и тоа:

- Воспоставување на систем за интегритет (од прашање 1 до прашање 33);
- Спроведување и поддршка на системот за интегритет (од прашање 34 до прашање 51), и
- Следење и известување за примена на системот за интегритетот (од прашање 52 до прашање 60).

Сознанијата за нивото на исполнувањето на обврските и напредокот по различните сегменти и овозможува на ДКСК да оцени каде да се насочат идните напори во примена на системот за интегритет. Низ споредба на нивоата на исполнетост на обврските по сегменти се овозможува анализа каде е остварен најголем напредок кај институциите, а каде има најголеми слабости. Соодветно на овие наоди ДКСК ќе ги дава своите препораки до институциите истакнувајќи ја важноста на поодделните сегменти од системот на интегритет.
Системот за интегритет треба да биде воспоставен на таков начин за да овозможува државните институции да работат почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди. За таа цел преку системот за интегритет се овозможува и се усогласува спроведувањето на законите, етичките кодекси и политиките создавајќи рамка и функционални механизми за заштита на интегритетот.

### 3.1. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „воспоставување на системот за интегритет“

Воспоставување на систем за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 1 до 33. Во овој дел, институциите од јавниот сектор се должни да ја анализираат потребата на сопствената институција, да создадат можности за анализа и мапирање на ризиците од корупција кои произлегуваат од надлежностите кои им се доделени и соодветно создаваат интерни правила за превенција од корупција.
За да овозможат ефикасно воспоставување на системот за интегритет, ДКСК им препорачува на институциите да се посветат на градење на капацитетите на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од примената на политиката на интегритет, да назначат лице за интегритет за поддршка на процесот, редовно да ги проценуваат ризиците од корупцијата и да преземаат соодветни мерки за нивно надминување и да овозможуваат непречено пријавување на непочитување на обврските кои произлегуваат од системот за интегритет.

### 3.2. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „спроведување и поддршка на системот за интегритет“

Спроведувањето и поддршката на систем за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 34 до 51. Во овој дел, институциите од јавниот сектор се должни да ги реализираат сите интерни акти кои ги изработиле, како и да ги воведат во секојдневен работен процес сите правила за мапирање на ризиците од корупција, со цел целосно спроведување и примена на системот за интегритет на институцијално ниво.

### 3.3. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет“

Институциите треба да овозможуваат двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет. Прво, на ниво на самите институции, а второ, преку следење од страна на ДКСК. Целта на следењето на системот за интегритет е првично, самата институција да ја утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, а секундарно, Државната комисија да може да ги измери резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за

примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет, преку одговарање на прашалникот за системот на интегритет и постојана комуникација со Државната комисија.

Сите државни органи и институции од јавен сектор, единиците на локалната самоуправа и институциите од правосудниот систем, со потпишувањето на Политиката за интегритет, се обврзуваат на соработка со Државната комисија, овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет.

Следењето и известувањето за системот за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 52 до 60.
Нивото на исполнетост на обврските од овој трет сегмент се гледа како целина.

### 3.3.1. Пресметка на нивото на примена на обврските преку воспоставување, следење и известување на системот за интегритет:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет се анализира преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - ’многу добро‘** |
| 60 - 80 % исполнетост -’добро‘ |
| 40 - 60 % исполнетост - ’просечно‘ |
| 20 - 40 % исполнетост - ’слабо ‘ |
| 0 - 20 % исполнетост -  ’многу слабо‘ |

**Процентот на реализација на сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет“ изнесува 63 % реализација, по различни нивоа на успешност, односно нивоа на категоризација. Оваа пресметка толкува дека нема исполнетост на нивото од 0 - 20 % исполнетост, која се карактеризира со ниво ’многу слабо‘.**

Графички приказ на нивото на исполнетост на обврските за сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет“, прикажан по категории:



# II. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## 1.НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЦЕЛИНА

Интегритетот е клучен во градењето на силна локална самоуправа и во создавањето на довербата кај граѓаните односно жителите на локалната самоуправа. Интегритетот, како на централно, така и на локално ниво му овозможува на јавниот сектор да ги користи моќта и ресурсите кои му се доверени, во функција на јавниот интерес и на ефективен и ефикасен начин што придонесува кон забрзување на економскиот и општествениот развој, како и кон зголемување на просперитетот на граѓаните. Преку примена на систем за интегритет единиците на локалната самоуправа ги уредуваат заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси, транспарентноста на известувањето и инклузивноста на граѓаните во носењето на одлуките на единиците на локалната самоуправа, етичкото постапување, управувањето со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации, родова еднаквост и застапеност, наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси, транспарентноста и пристапот до информации од јавен карактер, управувањето со квалитетот како и овозможувањето на заштитено пријавување од укажувачи. Повеќе податоци во однос на важноста на интегритетот можат да се обезбедат и во документот усвоен од Државната комисија за спречување на корупцијата „Насоки за примена на политиката на интегритет на единиците на локалната самоуправа“.

### 1.1. Опис на важноста на примената на системот за интегритет:

Нивото на примена на системот на интегритет од страна на мониторираните единици на локалната самоуправа се пресметува низ релативен показател - процент на исполнетост на сите предвидени обврски. Ова е клучен параметар за мерење на примена на системот за интегритет во земјата и во првата година од примената на мониторингот дава приказ на актуелната состојба, а во подоцнежните години ќе овозможи мерење на напредокот на локално ниво.

### 1.2. Пресметка на нивото на примената:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет е анализирано преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - ’многу добро‘** |
| 60 - 80 % исполнетост -’добро‘ |
| 40 - 60 % исполнетост - ’просечно‘ |
| 20 - 40 % исполнетост - ’слабо ‘ |

0 - 20 % исполнетост - ’многу слабо‘

Имено, од вкупно 69 единици на локалната самоправа кои пристапиле на порталот на ДКСК за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, вкупно 59% ја исполнија обврската да пополнат прашалник за примена на системот на интегритет (одговориле 40 единици на локалната самоуправа, додека пак од вкупно 29 единици на локална самоуправа делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска).

Во прилог, прикажуваме графички приказ на нивото на исполнетост на обврските за сегментот „воспоставување на системот за интегритет“ од единиците на локалната самоуправа, со вкупна реализација, која изнесува 59%. Заклучуваме дека оваа бројка е во пораст од претходната година, односно при првиот процес за мониторирање на системот на интегритет, имаме 40% исполнетост, односно реализација во делот на обврските кои системот за интегритет ги наметнува спрема единиците на локалната самоуправа, во целина.

Графички приказ за институции вклучени во процесот, кој успешно ја извршиле обврската за одговарање на прашалникот и комуникација со ДКСК:




## 2.НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА НИВО НА ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Важност од највисоко ниво е исполнување на обврските кои произлегуваат од системот на интегритет од страна на сите единици на локалната самоуправа. Оправдано е да се очекува дека единиците на локалната самоуправа ќе имаат различен пристап во овој процес и оттука значајно е да се истакнат оние кои направиле најмногу во градењето на интегритетот, но и да се посочат оние единиците на локалната самоуправа кои не вложуваат соодветен напор. Со цел да се дојде до сознание кои единиците на локалната самоуправа направиле најмногу во насока на примена на системот за интегритет, а кои најмалку, потребно е да се направи мерење на нивото на примената на системот на ниво на единици на локалната самоуправа и соодветно на остварените резултати да се направи нивно рангирање.

## 2.1.Ниво на примена на системот за интегритет од страна на сите мониторирани институции

Во 2022 година од вкупно 81 повикани единици на локалната самоуправа, 69 потпишаа политика на интегритет, назначија лица за интегритет, посетија соодветни обуки и беа предмет на овој мониторинг и тоа:

- Општина Демир Хисар
- Општина Карбинци
- Општина Желино
- Општина Центар Жупа
- Општина Битола
- Општина Куманово
- Општина Струмица
- Општина Струга
- Општина Чаир
- Општина Кратово
- Општина Брвеница
- Општина Неготино
- Општина Босилово
- Општина Крива Паланка
- Град Скопје
- Општина Кавадарци
- Општина Делчево
- Општина Маврово и Ростуша
- Општина Берово
- Општина Тетово
- Општина Градско
- Општина Кривогаштани
- Општина Пласница
- Општина Ѓорче Петров
- Општина Чешиново-Облешево
- Општина Теарце
- Општина Дебар
- Општина Лозово
- Општина Македонски Брод
- Општина Штип
- Општина Новаци
- Општина Кисела Вода
- Општина Сопиште
- Општина Крушево
- Општина Македонска Каменица
- Општина Конче
- Општина Боговиње
- Општина Ранковце
- Општина Радовиш
- Општина Дебрца

- Општина Демир Капија
- Општина Студеничани
- Општина Петровец
- Општина Чучер Сандево
- Општина Гостивар
- Општина Липково
- Општина Валандово
- Општина Аеродром
- Општина Арачиново
- Општина Бутел
- Општина Зелениково
- Општина Гази Баба
- Општина Могила
- Општина Карпош
- Општина Василево
- Општина Прилеп
- Општина Велес
- Општина Кочани
- Општина Зрновци
- Општина Ново Село
- Општина Долнени
- Општина Центар
- Општина Вевчани
- Општина Росоман
- Општина Ресен
- Општина Пробиштип
- Општина Гевгелија
- Општина Кичево
- Општина Богданци
- Општина Виница
- Општина Дојран

Од наведените единиците на локалната самоуправа, 40 целосно го одговорија прашалникот за примена на политиката на интегритет, а 29 делумно го пополнија истиот.

### 2.1.1 Опис на важноста на обврската:

За секоја единица на локалната самоуправа се пресметува колку бодови освоила и тој резултат се става во соодност со максималниот број на можни бодови (136) за да се дојде до процентот на исполнетост на обврските, соодветно на горната табела на исполнетост и петте нивоа на категоризација.

### 2.1.2. Пресметка на нивото на примена:

Ранг листа на институции според процент на исполнување на обврските:

| Институција | Освоени поени |
|---|---|
| Општина Демир Хисар | 98.5 |

| | |
|---|---|
| Општина Карбинци | 80 |
| Општина Желино | 72 |
| Општина Центар Жупа | 69.5 |
| Општина Битола | 65.5 |
| Општина Куманово | 65 |
| Општина Струмица | 62.5 |
| Општина Струга | 59 |
| Општина Чаир | 55.5 |
| Општина Кратово | 55 |
| Општина Брвеница | 51 |
| Општина Неготино | 50.5 |
| Општина Босилово | 48 |
| Општина Крива Паланка | 46.5 |
| ГРАД СКОПЈЕ | 44 |
| Општина Кавадарци | 40.5 |
| Општина Делчево | 39 |
| Општина Маврово и Ростуша | 39 |
| Општина Берово | 37 |
| Општина Тетово | 35.5 |
| Општина Градско | 35 |
| Општина Кривогаштани | 33 |
| Општина Пласница | 31 |
| Општина Ѓорче Петров | 29.5 |
| Општина Чешиново-Облешево | 28.5 |
| Општина Теарце | 27.5 |
| Општина Дебар | 26.5 |
| Општина Лозово | 26 |
| Општина Македонски Брод | 25.5 |
| Општина Штип | 25.5 |
| Општина Новаци | 25 |
| Општина Кисела Вода | 24.5 |
| Општина Сопиште | 21.5 |
| Општина Крушево | 21 |
| Општина Македонска Каменица | 19 |
| Општина Конче | 15 |
| Општина Боговиње | 12.5 |
| Општина Ранковце | 8.5 |
| Општина Радовиш | 8.5 |

| | |
|---|---|
| Општина Дебрца | 7.5 |
| Општина Демир Капија | 0 |
| Општина Студеничани | 0 |
| Општина Петровец | 0 |
| Општина Чучер Сандево | 0 |
| Општина Гостивар | 0 |
| Општина Липково | 0 |
| Општина Валандово | 0 |
| Општина Аеродром | 0 |
| Општина Арачиново | 0 |
| Општина Бутел | 0 |
| Општина Зелениково | 0 |
| Општина Гази Баба | 0 |
| Општина Могила | 0 |
| Општина Карпош | 0 |
| Општина Василево | 0 |
| Општина Прилеп | 0 |
| Општина Велес | 0 |
| Општина Кочани | 0 |
| Општина Зрновци | 0 |
| Општина Ново Село | 0 |
| Општина Долнени | 0 |
| Општина Центар | 0 |
| Општина Вевчани | 0 |
| Општина Росоман | 0 |
| Општина Ресен | 0 |
| Општина Пробиштип | 0 |
| Општина Гевгелија | 0 |
| Општина Кичево | 0 |
| Општина Богданци | 0 |
| Општина Виница | 0 |
| Општина Дојран | 0 |
| Општина Илинден | 0 |
| Општина Јегуновце | 0 |
| Општина Свети Николе | 0 |
| Општина Чашка | 0 |
| Општина Шуто Оризари | 0 |
| Општина Сарај | 0 |
| Општина Старо Нагоричане | 0 |
| Општина Охрид | 0 |

Единиците на локалната самоуправа од табеларниот преглед со освоени 0,0 бодови не го пополниле прашалникот на Комуникацискиот портал на ДКСК.

Процент на единици на локалната самоуправа во категоризација согласно степенот на исполнетост на обврските:

| **Категорија** | **Процент на институции** |
| --- | --- |
| Многу добро | 0% |
| добро | 1.4% |
| просечно | 11.3% |
| слабо | 17.7% |
| многу слабо | 69.6% |

## 3.НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО ТРИТЕ СЕГМЕНТИ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Системот на интегритет и во единиците на локалната самоуправа почива на три значајни сегменти опфатени преку 67 прашања во прашалникот за примена на системот на интегритет на локално ниво, и тоа:

- Воспоставување на систем за интегритет (од прашање 1 до прашање 42);
- Спроведување и поддршка на системот за интегритет (од прашање 43 до прашање 57), и
- Следење и известување за примена на системот за интегритетот (од прашање 58 до прашање 67).

Сознанијата за нивото на исполнувањето на обврските и напредокот по различните сегменти ќе и овозможи на ДКСК оцени каде да се насочат идните напори во примена на системот за интегритет на локално ниво. Низ споредба на нивоата на исполнетост на обврските по сегменти се овозможува анализа каде е остварен најголем напредок кај институциите, а каде има најголеми слабости. Соодветно на овие наоди ДКСК ќе ги дава своите препораки до институциите истакнувајќи ја важноста на поодделните сегменти од системот на интегритет.

Системот за интегритет на локално ниво треба да биде воспоставен на таков начин за да овозможува единиците на локалната самоуправа да работат почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди. За таа цел преку системот за интегритет се овозможува и се усогласува спроведувањето на законите, етичките кодекси и политиките создавајќи рамка и функционални механизми за заштита на интегритетот.

### 3.1. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „воспоставување на системот за интегритет“

Воспоставување на систем за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 1 до 42. Нивото на исполнетост на обврските се гледа како целина. Во овој дел, единиците на локалната самоуправа се должни да ја анализираат потребата на општината, да создадат можности за анализа и мапирање на ризиците од корупција кои произлегуваат од надлежностите кои им се доделени и соодветно создаваат интерни правила за превенција од корупција, или да ја потврдат важноста и квалитетот на постоечките акти.

За да овозможат ефикасно воспоставување на системот за интегритет, ДКСК им препорачува на општините да се посветат на градење на капацитетите на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од примената на политиката на интегритет, да назначат лице за интегритет за поддршка на процесот, редовно да ги проценуваат ризиците од корупцијата и да преземаат соодветни мерки за нивно надминување и да овозможуваат непречено пријавување на непочитување на обврските кои произлегуваат од системот за интегритет.

### 3.2. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „спроведување и поддршка на системот за интегритет“

Спроведувањето и поддршката на систем за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 43 до 57. Во овој дел, единиците на локалната самоуправа се должни да ги реализираат сите интерни акти кои ги изработиле, како и да ги воведат во секојдневен работен процес сите правила за мапирање на ризиците од корупција, со цел целосно спроведување и примена на системот за интегритет на институцијално ниво.

### 3.3. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет“

Единиците на локалната самоуправа треба да овозможуваат двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет. Прво, на ниво на самите единици на локалната самоуправа, а потоа и преку следење од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата. Целта на следењето на системот за интегритет е првично, самата единица на локалната самоуправа да ја утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, а секундарно, Државната комисија да може да ги измери резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет, преку одговарање на прашалникот за системот на интегритет и постојана комуникација со Државната комисија.

Сите државни органи и институции од јавен сектор, единиците на локалната самоуправа и институциите од правосудниот систем се обврзуваат на соработка со Државната комисија, овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет.

Следењето и известувањето за системот за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 58 до 67. И во овој сегмент, нивото на исполнетост на обврските се гледа како целина.

### 3.3.1. Пресметка на нивото на примена:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет се анализира преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - 'многу добро'** |
| 60 - 80 % исполнетост -'добро' |
| 40 - 60 % исполнетост - 'просечно' |
| 20 - 40 % исполнетост - 'слабо ' |
| 0 - 20 % исполнетост - 'многу слабо' |

**Процентот на реализација на сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет" изнесува 44 % реализација, по различни нивоа на успешност, односно нивоа на категоризација. Ова се толкува дека 56% од институциите имаат оценка од 0 - 20 % исполнетост, која се карактеризира со ниво 'многу слабо'.**

Графички приказ на нивото на исполнетост на обврските за сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет", по прикажани категории:




## III. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

### 1. НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЦЕЛИНА

Во текот на анализирање на одговорите од поднесените прашалници за мониторинг на системот на интегритет на институциите од правосудството, можеме да утврдиме дека имплементацијата на системот на интегритет е се уште на ниско ниво. Дополнително, се утврдува дека и следењето на системот на интегритет, проверките и неговото зајакнување се се уште во процес на развој и зародиш. Ова остава простор ДКСК во наредниот период да превземе повеќе активности за да го забрза овој процес, посебно

од аспект на дополнителни средби и обуки, како и прилагодување на прашалникот за мониторирање на системот на интегритет на потребите и начинот на постапување на судовите.

### 1.1. Опис на важноста на примената на системот за интегритет:

Нивото на примена на системот на интегритет од страна на мониторираните институции се пресметува низ релативен показател - процент на исполнетост на сите предвидени обврски наложени со системот за интегритет на ниво на целина (институции од правосудниот систем). Ова е клучен параметар за мерење на примена на системот за интегритет во земјата и во првата година од примената на мониторингот дава приказ на актуелната состојба, а во подоцнежните години ќе овозможи мерење на напредокот. Ова е прва година за следење на имплементацијата на системот на интегритет во институциите од правосудниот систем, што пак остава простор ДКСК во наредниот период да превземе повеќе активности за да го забрза овој процес, посебно од аспект на дополнителни средби и обуки, како и прилагодување на прашалникот за мониторирање на системот на интегритет.

### 1.2. Пресметка на нивото на примената:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет е анализирано преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - ’многу добро‘** |
| 60 - 80 % исполнетост -’добро‘ |
| 40 - 60 % исполнетост - ’просечно‘ |
| 20 - 40 % исполнетост - ’слабо ‘ |
| 0 - 20 % исполнетост - ’многу слабо‘ |

Имено, Од вкупно 16 судови со потпишана политика на интегритет, вкупно 44% ја исполнија обврската да пополнат прашалник за примена на системот на интегритет. Односно, од вкупно 16 институции со потпишана политика на интегритет, 7 пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак од вкупно 9 судови делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

Во прилог, прикажуваме графички приказ на нивото на исполнетост на обврските за сегментот „воспоставување на системот за интегритет“ во правосудството, со вкупна реализација, која изнесува 44%.

Графички приказ за институции вклучени во процесот, кој успешно ја извршиле обврската за одговарање на прашалникот и комуникација со ДКСК:




## 3. НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА НИВО НА ИНСТИТУЦИИ

За институциите од правосудниот систем 2023 е прва година се вклучуваат во процесот за имплементација на системот на интегритет. Соодветно на тоа, институциите од правосудниот систем немаат можност за добивање на компаративни податоци, но и самиот факт дека се вклучија во овој процес е показател за интересот за превентивно работење на судската власт и засилување на соработката со ДКСК.

Важно е да се напомене дека обврските кои произлегуваат од системот за интегритет треба да бидат исполнети од сите институции во целост, без разлика за кој вид на институција се работи.
Со цел да се дојде до сознание кои институции направиле најмногу во насока на примена на системот за интегритет, а кои најмалку, ДКСК прави мерење на нивото на примената на системот на ниво на институција и соодветно на остварените резултати да се направи нивно рангирање.

### 2.1. Ниво на примена на системот за интегритет од страна на сите мониторирани институции

Во 2023 година, заклучно со повикот на Државната комисија за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, политика на интегритет потпишаа 16 институции од правосудниот сектор и истите назначија лица за интегритет, посетија соодветни обуки и беа предмет на овој мониторинг и тоа:

- Основен суд Кратово
- Апелационен суд во Гостивар
- Основен суд Велес
- Основен суд Кавадарци

- Основен граѓански суд Скопје
- Основен суд Прилеп
- Основен суд Гевгелија
- Врховен суд на рсм
- Основен суд Виница
- Основен суд Свети Николе
- Основен суд Радовиш
- Основен суд Струмица
- Апелационен суд во Битола
- Апелационен суд во Штип
- Управен суд
- Судски совет.

Од наведените институции, вкупно 7 целосно го одговорија прашалникот за примена на политиката на интегритет, а 9 не го одговорија.

### 2.1.1 Опис на важноста на обврската:

За секоја институција се пресметува колку бодови освоила и тој резултат се става во сооднос со максималниот број на можни бодови (130) за да се дојде до процентот на исполнетост на обврските, соодветно на горната табела на исполнетост и петте нивоа на категоризација.

### 2.1.2. Пресметка на нивото на примена:

Ранг листа на институции според процент на исполнување на обврските:

| **Институција** | **Освоени поени** |
|---|---:|
| Управен суд на Република Северна Македонија | 78.5 |
| Основен суд Гевгелија | 76.5 |
| Основен суд Кратово | 75.5 |
| Основен суд Кавадарци | 71.5 |
| Основен суд Прилеп | 59.5 |
| Апелационен суд – Штип | 51.5 |
| Основен суд Струмица | 31 |
| Основен суд- Свети Николе | 0 |
| Основен суд Виница | 0 |
| Врховен суд на Република Северна Македонија | 0 |
| Основен граѓански суд Скопје | 0 |
| Апелационен суд – Битола | 0 |
| Основен суд Радовиш | 0 |
| Основен суд Велес | 0 |
| Апелационен суд- Гостивар | 0 |

| | |
|---|---|
| Судски совет на Република Северна Македонија | 0 |

Графички приказ на ранг листата на институции според процент на исполнување на обврските:




Процент на институции во категоризација согласно степенот на исполнетост на обврските:

| Категорија | Процент на институции |
|---|---|
| Многу добро | 0 |
| добро | 6.25 |
| просечно | 25 |
| слабо | 12.5 |
| многу слабо | 56.25 |

## 3.НИВО НА ИСПОЛНЕТОСТ НА ОБВРСКИТЕ ВО ТРИТЕ СЕГМЕНТИ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Системот на интегритет почива на три значајни сегменти опфатени преку 60 прашања во прашалникот за примена на системот на интегритет на централно ниво, и тоа:

- Воспоставување на систем за интегритет (од прашање 1 до прашање 33);

- Спроведување и поддршка на системот за интегритет (од прашање 34 до прашање 51), и
- Следење и известување за примена на системот за интегритетот (од прашање 52 до прашање 60).

Сознанијата за нивото на исполнувањето на обврските и напредокот по различните сегменти ќе и овозможи на ДКСК да оцени каде да се насочат идните напори во примена на системот за интегритет. Низ споредба на нивоата на исполнетост на обврските по сегменти се овозможува анализа каде е остварен најголем напредок кај институциите, а каде има најголеми слабости. Соодветно на овие наоди ДКСК ќе ги дава своите препораки до институциите истакнувајќи ја важноста на поодделните сегменти од системот на интегритет.

Системот за интегритет треба да биде воспоставен на таков начин за да овозможува државните институции да работат почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди. За таа цел преку системот за интегритет се овозможува и се усогласува спроведувањето на законите, етичките кодекси и политиките создавајќи рамка и функционални механизми за заштита на интегритетот.

### 3.1. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „воспоставување на системот за интегритет“

Воспоставување на систем за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 1 до 33. Во овој дел, институциите од правосудниот систем се должни да ја анализираат потребата на сопствената институција, да создадат можности за анализа и мапирање на ризиците од корупција кои произлегуваат од надлежностите кои им се доделени и соодветно создаваат интерни правила за превенција од корупција.

За да овозможат ефикасно воспоставување на системот за интегритет, ДКСК им препорачува на институциите да се посветат на градење на капацитетите на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од примената на политиката на интегритет, да назначат лице за интегритет за поддршка на процесот, редовно да ги проценуваат ризиците од корупцијата и да преземаат соодветни мерки за нивно надминување и да овозможуваат непречено пријавување на непочитување на обврските кои произлегуваат од системот за интегритет.

За да овозможат ефикасно спроведување на системот за интегритет, институциите треба да се посветени на градење на капацитетите на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од примената на политиката на интегритет, да назначат лице за интегритет за поддршка на процесот, редовно да ги проценуваат ризиците од корупцијата и да преземаат соодветни мерки за нивно надминување и да овозможуваат непречено пријавување на непочитување на обврските кои произлегуваат од системот за интегритет.

### 3.2. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „спроведување и поддршка на системот за интегритет“

Спроведувањето и поддршката на систем за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 34 до 51. Нивото на исполнетост на обврските за овој сегмент се гледа како целина. Во овој дел, институциите од правосудниот систем се должни да ги реализираат сите интерни акти

кои ги изработиле, како и да ги воведат во секојдневен работен процес сите правила за мапирање на ризиците од корупција, со цел целосно спроведување и примена на системот за интегритет на институцијално ниво.

### 3.3. Ниво на исполнетост на обврските за сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет“

Институциите треба да овозможуваат двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет. Прво, на ниво на самите институциите, а второ, преку следење од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата. Целта на следењето на системот за интегритет е првично, самата институција да ја утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, а секундарно, Државната комисија да може да ги измери резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет, преку одговарање на прашалникот за системот на интегритет и постојана комуникација со Државната комисија.

Сите државни органи и институции од јавен сектор, единиците на локалната самоуправа и институциите од правосудниот систем се обврзуваат на соработка со Државната комисија, овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет.
Следењето и известувањето за системот за интегритет ги опфаќа обврските за чие исполнување се добиваат одговори преку прашања под реден број од 52 до 60.
Нивото на исполнетост на обврските од овој трет сегмент се гледа како целина.

#### 3.3.1. Пресметка на нивото на примена:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет се анализира преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - ’многу добро‘** |
| 60 - 80 % исполнетост -’добро‘ |
| 40 - 60 % исполнетост - ’просечно‘ |
| 20 - 40 % исполнетост - ’слабо ‘ |
| 0 - 20 % исполнетост - ’многу слабо‘ |

**Процентот на реализација на сегментот „следење и известување за примената на системот за интегритет“ изнесува 44%. Оваа пресметка подразбира дека 56% од институциите од правниот систем се мери со ниво од 0 - 20 % исполнетост, која се карактеризира со ниво ’многу слабо‘.**


Процент по категоризација
7%
31%
56%
6%
многу добро
добро
просечно
слабо
многу слабо